## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Осмото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,08 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 134-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Игор Ивановски, Цветанка Иванова, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоилова-Цветанова, Лилјана Поповска, Гзим Остреми, Тито Петковски, Абилаќим Вејсели, Љубчо Георгиевски, Спиро Мавровски, Слободан Чашуле, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Мендух Тачи, Ружди Матоши, и Љупчо Балковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 26 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите**

Господинот Јашари бара збор процедурално.

Повелете.

**Аднан Јашари:** Почитуван претседателе,

Поаѓајќи врз основа на одредбите на Деловникот на Собранието, барам точката 29 од дневниот ред - Предлог-законот за стручно образование и обука да биде прва точка.

За овој предлог барам поддршка од 10 пратеници. Ви благодарам.

(Некои пратеници креваат рака)

**Љупчо Јордановски:** Имаме 10 пратеника, но дали имаме кворум.

Службите нека го утврдат бројот на присутни.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

10 минути за кворум течат.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутните пред да ја заклучам седницата.

Благодарам господа пратеници, 53 пратеника се тука, гласањето ќе биде утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот)